СЛИКАРИТЕ ЗА СЕБЕСИ

*Тома Владимирски:*

# „Во сите правци има добри и лоши слики“

Роден е во Скопје, крај Вардар. Во една куќа до Железниот мост. Реката секогаш го привлекувала — и бистра и зеленикава, и матна и надојдена. На неговите први скици затоа често се наоѓале вардарските брегови, кејовите, Камениот мост. Кон таа тема и понатаму се враќал, низ сите 23 години на сликањето, по завршувањето на студиите. А најновата изложба — дванаесетта самостојна, на Тома Владимирски, исцело му е посветена на Вардар. Во вторник на 13 септември таа ќе биде отворена во Клубот на писателите под насловот „Покрај Вардар“.

Во ателјето на уметникот насекаде платна. По ѕидовите, на штафелајот, потпрени едни врз други. Владимирски приготвил за изложбата 37 платна. На сите е Вардар: во зимски сиви утра, со оголени, осамени врби, во тивкиот залез на сонцето, потоа виден помеѓу дрвјата на паркот, или устремен и разлеан, сопнуван од браните... Јазикот, со кој низ своите слики Владимирски говори за Вардар е едноставен, јасен, разбирлив.

— Досега сум насликал можеби стотина слики, низ кои сум сакал да ги искажам убавините на Вардар. Онака, како јас ги гледам, како ги чувствувам. Низ мојата љубов кон оваа река, неспокојна, каприциозна и убава на која ѝ се дивев отсекојпат. Сакам секогаш да бидам разбирлив, искрен, — вели Тома Владимирски. Почнав како чист реалист и одев низ импресионизам кон експресионизмот. Тој од кај мене не е брз. Исто така постепено се менувал и мојот однос кон извесните бои. Во првата фаза бев опфатен со сината, ултрабоја. Таа преовладуваше на сите мои платна. Потоа дојде маслинесто-зелената, па сивата, жолто-зелената... Последниве три години ми се исполнети со интензивна работа. Сеќавам како се менувам побрзо, сѐ посилна е потребата да се ослободам од реалистичкиот третман... но, не е мое за тоа да говорам. Тоа е работа на ликовната критика. Немојте ни да ме прашувате за тоа кој правец ми се допаѓа, не би ви одговорил...

— Зошто?

Затоа што сите правци се добри. Да. А во сите има и добри и лоши слики. Значи, во сите има слики што ми се допаѓаат и што не ми се допаѓаат. Уметникот треба да биде пред сѐ добар мајстор на својот занает. Тоа е потребно секогаш, па било на кој правец да му припаѓа...

— Вашите други, натамошни планови?

— Изложба на графика, како и подготвување на изложба посветена на 25 годишнината од работата. Тоа ќе биде ретроспективна изложба, на која ќе излагам марин и некои мои композиции на историски теми и скици на сценографија работени за Скопскиот народен театар... Освен тоа, и понатаму ќе сликам, можеби пак некои композиции за историските настани. Само, тоа е доста компликувана работа. Треба да се проучуваат костимите на одреденото време, да се вникне во духот на времето, тоа да се одрази и низ сцената што ќе ја насликам, и низ ликовите...

— Ретко сликате мртва природа, портрет.

— Ретко. Најмногу ме привлекува пејсажот. Атмосферата, штимунгот што во пејсажот ме понесува и што настојувам да го изразам со помошта на боите. Боите, боите се најважно нешто. Не ме привлекува да сликам само во една, две бои. За мене секогаш постојат повеќе бои, дури и во периоди кога една од нив најмногу ми се наложува.

К. ГАВРИЋ

